**КАРТИЧКА СО ПРЕДУПРЕДУВАЊА ЗА ПАЦИЕНТОТ**
**Pradaxa® 75 mg, 110 mg и 150 mg**
**капсула, тврда**
dabigatran etexilate

- Вие или негувателот на Вашето дете треба секогаш со себе да ја носите оваа картичка со предупредувања за пациентот
- Бидете сигурни дека ја користите најновата верзија

**Почитуван пациент/негувател на педијатриски пациент**
Вашиот лекар/лекарот на Вашето дете Ви препорачал лекување со лекот Pradaxa®. Со цел безбедна употреба на лекот Pradaxa® Ве молиме да ги погледнете важните информации во Упатството за пациентот.

Со оглед на тоа дека оваа картичка со предупредувања за пациентот содржи важни информации за Вашето лекување/лекувањето на Вашето дете Ве молиме Вие/Вашето дете да ја носите со себе во сите ситуации како би ги информирале здравствените работници дека Вие/Вашето дете го земате лекот Pradaxa® .

**Информации за пациентите/негувателите на педијатриски пациенти за лекот Pradaxa®**

За Вашата терапија/терапијата на Вашето дете
- Pradaxa® ја разредува крвта. Се користи за лекување на крвни коагулуми и спречување на повторно формирање на опасни крвни коагулуми.
- Земајте го лекот Pradaxa® редовно според упатствата на Вашиот лекар/лекарот на Вашето дете. Никогаш не пропуштајте доза и не го прекинувајте земањето на лекот Pradaxa® без да се консултирате со Вашиот лекар/лекарот на Вашето дете.
- Информирајте го Вашиот лекар за сите лекови кои Вие/Вашето дете во моментот ги земате.
- Информирајте го Вашиот лекар/лекарот на Вашето дете, дека го земате лекот Pradaxa® пред секој оперативен или инвазивен зафат
- Капсулите Pradaxa® може да се земаат со или без храна. Капсулата треба да се проголта цела со чаша вода. Капсулата не смее да се крши или џвака и пелетите не смее да се празнат од капсулата.

Кога да побарате совет од лекар
- Употребата на лекот Pradaxa® може да го зголеми ризикот од крварења. Веднаш информирајте го Вашиот лекар/лекарот на Вашето дете ако забележите кај Вас/Вашето дете било кој од следните можни знаци и симптоми на крварење: оток, нелагодност,

невообичаена болка или главоболка, вртоглавица, бледило, слабост, невообичаени модринки, крварење од носот, крварење од гингивите, невообичаено долготрајно крварење при посекотини, невообичаено менструално или вагинално крварење, крв во мокрача со промена на бојата во розеникава или светло кафена, црвена/црна столица, искашлување на крв, повраќање на крв или содржина налик на талог од кафе.

- Во случај на пад или повреда во тек на употребата на лекот, особено ако е повредена главата веднаш побарајте лекарска помош.
- • Не престанувајте да го земате Pradaxa® без да разговарате со вашиот/ лекарот на вашето дете, ако вие/вашето дете доживее горушица, гадење, повраќање, непријатност во стомакот, надуеност или болки во горниот дел на стомакот.

**Информации за здравствените работници во врска со лекот Pradaxa®**

- Pradaxa® е перорален антикоагуланс (директен тромбин инхибитор).
- Pradaxa® можеби ќе треба да се прекине пред хируршки или други инвазивни процедури.
- Во случај на големо крварење употребата на лекот Pradaxa® мора веднаш да се прекине.
- Специфичениот антагонист (идаруцизумаб) е достапен за возрасни пациенти. Ефикасноста и безбедноста на идаруцизумаб не е утврдена кај педијатриски пациенти. За детали и повеќе совети за поништување на антикоагулантното дејство на лекот Pradaxa® видете во Збирениот извештај за особините за лекот Pradaxa® и идаруцизумаб).
- Pradaxa® главно се елиминира преку бубрезите; мора да се одржува соодветна диуреза. Pradaxa® може да се отстрани со дијализа.

Ве молиме да го пополните овој дел или замолете го Вашиот лекар/лекарот на Вашето дете да го стори тоа

**Информации за пациентот**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

___________________________________

(Име на пациентот)

___________________________________

(Датум на раѓање)

___________________________________

(Индикација за антикоагулантна терапија)

___________________________________

(Дозирање на лекот Pradaxa® )